Врз основа на член 39 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/2002год.) и член 33 од Деловникот на Советот на Општина Свети Николе (“Службен гласник на Општина Свети Николе” бр. 2/06), Претседателот на Советот на Општина Свети Николе на ден 22.05.2019 година донесе:

# Р Е Ш Е Н И Е
**за свикување на триесет и првата редовна седница на Советот на Општина Свети Николе**

Триесет и првата редовна седница на Советот на Општина Свети Николе ќе се **одржи на ден 29.05. 2019 година (среда) со почеток во 12:00 часот** во малата сала на Општина Свети Николе.

За седницата го предлагам следниот

## Д н е в е н р е д

-Усвојување на Записник од триесеттата редовна седница на Советот на Општина Свети Николе одржана на ден 24.04. 2019 година;

1. Предлог – Одлука за кофинансирање на Општина Свети Николе во 6.2 Програма за работно ангажирање – Јавни работи;

2. Предлог – Одлука за прифаќање на предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка;

3. Предлог – Решение за именување на членови во заедничка комисија за подготовка на предлог на актот за воспоставување на меѓуопштинска соработка и предлог – договор за остварување на меѓуопштинска соработка меѓу општините: Штип, Карбинци, Кочани, Виница, Берово, Делчево, Македонска Каменица, Чешиново-Облешево, Зеновци, Пехчево, Пробиштип, Крива Паланка, Ранковци, Кратово, Липково, Старо Нагоричане и Куманово;

4.Извештај за извршениот годишен попис во Општина Свети Николе со состојбата на 31.12.2018 година;

5. Предлог – Одлука за траен отпис на побарувања по извршен попис за 2018 година;

6 .Измена на Програма за јавна набавка за 2019 година;

7.Измена на Годишен план за вработување на СОУ ,,Кочо Рацин,, Свети Николе за 2019 година;

8.Барање финансиска помош за болно дете од лицето Д.Г.

9. Барање финансиска помош за болно дете од лицето Н.О.

10.Барање финансиска помош за лекување од лицето Ј.Б.

11.Барање од Црковен одбор на Црква Свети Апостол Павле с. Ерџелија

12.Барање за ослободување од комунална такса од лицето Михаилова Жаклина;

13.Барање за ослободување од комунална такса од лицето Стево Богатинов;

14.Барање парична помош за опожарена куќа лицето Ј.С.

15.Барање парична помош за штета од лицето Д.Ј.

**Бр. 0801- 454**
**22.05. 2019 година**
**Свети Николе**

**Совет на Општина Свети Николе**
**Претседател,**
**Кире Алексов**